Граѓанските организации и неформалните групи побараа **поголемо вклучување при подготовката и спроведувањето на локалните политики**
за време
 [на Мобилниот ресурсен центар]
кој се одржа на 25 февруари во Струга. Истиот беше организиран во партнерство со и во просториите на
 [Центарот на заедницата на општина Струга]
.




Во дискусијата се вклучија 10 учесници, кои истакнаа дека е потребно **секторски и здружено да делуваат**
со цел да се иницираат промени на локално ниво.

Струга се соочува со **слабо развиен граѓански сектор** и со мал број на активни

организации кои делуваат во тој регион. Ова резултира со **неискористена можност за подготовка на проекти за прекугранична соработка** и покрај добрата местоположба.

**Центарот на заедницата на општина Струга претставува точка на соработка на локалната самоуправа со граѓанските организации и граѓаните**. Неговото опстојување е потпомогнато од самата општина.

На годишно ниво, **општината одвојува средства наменети за проекти на граѓанскиот сектор**, но тие беа оценети како **недоволни за реализација на повеќето од активностите**. Присутните побараа доделените грантови и нивните добитници транспарентно да се објават на веб страната на општината. Граѓанските организации исто така ја изразија нивната **недоверба кон донаторите и распределбата на средствата по организации**.

Локалните граѓански организации **не се доволно запознаени со заложбите на Владата за поддршка и соработка со граѓанскиот сектор**. Оттаму произлезе препораката до институциите тие да бидат проактивни во информирањето за Советот за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор и Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018 – 2020 година.

Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија, а спроведуван од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) од Гостивар и Медиа плус од Штип.